20251974002

# ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Врз основа на член 34-в став (5) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ЗА ИЗВРШЕН УВИД НА САМОТО МЕСТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА КАЈ КОЈА НЕ Е УТВРДЕН ПРАВНИОТ СТАТУС ВО РАМКИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на записникот за извршен увид на самото место за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони.

Член 2

Записникот за извршен увид на самото место за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони се составува на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на записникот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1261/3
22 септември 2025 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за технолошки, индустриски развојни зони
д-р **Гоце Димовски,** с.р.

Врз основа на член 34-в став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, постапувајќи по барање бр. ________ од _______ година на _________________________________ од ________________ за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони, се изготвува следниот

**З А П И С Н И К**

**за извршен увид на самото место за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони**

Составен на ден __.__.____ година, по извршен увид на самото место на _____________ ______________________________________________________________________________

(вид на техничка опрема кај која не е потврден правен статус)

Увидот на самото место е извршен од страна на Комисијата формирана од страна на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во следниот состав:

1. ___________________________________________

2. ___________________________________________

3. ___________________________________________

во присуство на подносителот на барањето на начин што е извршена идентификација на техничката опрема _______________________________________________________________
(вид на техничка опрема кај која не е потврден правен статус)

со инсталирана моќност од ________ kW, согласно Решението за ставање во употреба на техничка опрема бр.______од________ година, која е поставена во/на објект во сопственост на ______________________ запишан во Имотен лист бр._______, во КО ______________________изграден на земјиште во блок ______, градежна парцела ___.___, со површина на објект од _______м$^2$ во Технолошко индустриската развојна зона ___________________________________, запишано во Имотен лист бр.____, во КО ______________________, со право на долготраен закуп на градежно земјиште на _________________________________ _________________________ согласно Договорот за закуп бр. _____________ од _____________ година.

При увидот на самото место на инсталираната техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на Технолошко индустриската развојна зона_________________________ констатирано е дека техничката опрема која е поставена во/на објектот е во согласност со документацијата доставена кон барањето бр. _____ од ______ година и истата се употребува за потребите на објектот.

Составен дел на овој записник за извршен увид на самото место се фотографии од техничката опрема.

Забелешка од Комисијата:

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

Забелешка од подносителот на барањето:

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

Записникот е составен во шест еднообразни примерока од кои четири за Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и два за подносителот на барањето.

**КОМИСИЈА**

**Б А Р А Т Е Л**

М.П.

(име, презиме и потпис од присутното лице)

Член/Заменик член на комисија

__________________________

(име, презиме и потпис)

Член/Заменик член на комисија

_____________________________

(име, презиме и потпис)

Член/Заменик член на комисија

____________________________

(име, презиме и потпис)